**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 01.06.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2669 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 мај 2017 година, емисија „Во центар“ со Васко Ефтов, (18:52:44 – 20:08:26)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 јуни 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебни забрани);

6. **Претходно изречена мерка:** Во 2017 година нема мерка по член 48

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор извршен, по службена должност, врз програмскиот сервис на државно ниво на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 мај 2017 година, **не е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**. Предмет на надзорот е емисијата „Во центар“ со Васко Ефтов, емитувана на 21 мај околу 19 часот во која од страна на гостинот Стефан Влахов Мицов се искажани неколку проблематични изјави со кои се оправдуваат и глорифицираат настаните од 27 април 2017 година, кои се случија при влегувањето на граѓаните во Собранието на Република Македонија и насилствата кои следуваа. Меѓутоа, авторот и водител Васко Ефтов ги контекстуализира изјавите на гостинот, го соочува со тежината на искажаните зборови и го предупредува за можните последици од ваквите искажани ставови во јавноста. Ваквото постапување е во согласност со улогата на медиумите да изнесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, кои можат да ја вознемират и шокираат јавноста, но тоа да го направат така што нема самите да бидат извор на содржини кои се спротивни на член 48.

„Во центар“ со Васко Ефтов според „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми“[1] претставува актуелно-информативна емисија со документаристички

---

[1] „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми“, достапно на: http://avmu.mk/images/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

пристап. Во неа авторот Васко Ефтов, преку разговор со гостите Стефан В. Мицов - историчар, Филип Петровски - директор на Државниот архив на Република Македонија и Фејзи Хајдари - директор на дневниот весник Лајм, ја анализира политичката состојба во земјата, со дополнителен осврт кон настаните кои се случија во Собранието на 27 април.

Водителот на емисијата, на почетокот наведува дека темата е „Сите тајни договори околу мандатот на Заев!?" и ја најавува како: „Ексклузивна анализа и сите пикантности кои претходеа на тоа доделување на мандатот од страна на претседателот Иванов на новиот мандатар, господинот Зоран Заев. Како ќе биде формирана новата Влада и зошто Македонија се најде во ваква политичка ситуација и пред ваква политичка разврска?".

*Транскрипт на сегментот од емисијата*
*во кој се изнесени проблематичните изјави (19:08:55 - 19:11:56):*

Васко Ефтов: *И што понатаму? Каде оди Македонија, според вас?*

Стефан В. Мицов: Сега, *Македонија, од 27ми април, таа е окупирана држава. Окупирана практично.*

Васко Ефтов: *Од кого окупирана? Тоа е тешка формулација.*

Стефан В. Мицов: *Таа е окупирана од нејзините непријатели. Пошо, непријатели таа има и внатрешни непријатели, има и надворешни непријатели.*

Васко Ефтов: *Многумина сметаат дека на 27ми април во Македонија се случи 5 октомври. Или тоа што се случи 5ти октомври 2000 година, кога беше инаугурирана една структура на ДОС - Зоран Ѓинѓиќ, Воислав Коштуница и беше заменета структурата на Слободан Милошевиќ. Со истите пари, средства од Америка, отпор, невладини организации, шарени револуции итн. итн. И овде, на еден начин, на сила беше направен тој наш 5ти октомври. Од тој 27ми април работите одат, што се вели како по филмска лента...*

Стефан В. *Мицов: Јас би кажал, од друга страна, за мене, 27ми април може во иднина, не сега, во иднина ќе биде споредуван, јас дури го напишав, ќе биде државен празник како 11 Октомври.*

Овој дел од разговорот се заокружува со кратка шпица и телоп: „Во центар: Во иднина 27 април ќе биде државен празник"

По горенаведената шпица, разговорот со Стефан В. Мицов продолжува:

Стефан В. Мицов: *На 27 Април, дел од македонскиот народ, храбри Македонци се обидоа со голи раце да се спротивстават на тој пуч, на тој државен удар.*

Васко Ефтов: *Ова се тешки зборови. Знаете, свесен сте кои харанги, кои напади ќе имате после вакви кажани зборови, дека тоа ќе биде 27 април како 11 Октомври?*

Стефан В. Мицов: Јас *тоа сум го и напишал и тоа ќе биде. Тоа ќе биде иако независно по што ќе помине.*

Васко Ефтов: *Ова го кажувате пред 150.000 луѓе и ќе се најдат сигурно многу луѓе кои ќе речат: „Како не ти е срам?", „Оправдуваш тепање", „Оправдуваш насилие", „пратеници во Парламентот за малку ќе загинеа"...*

Стефан В. Мицов: *Оправдувам сè, и ќе го повторам, оправдувам сè, во одбрана на својата држава, на својот народ, на својот идентитет и на своето име. Сè.*

Ефтов: *Хушкате Македонец на Македонец. Тоа е всушност желбата на сите кои не ја сакаат Македонија. Со овие зборови, вие всушност хушкате Македонец на Македонец. Свесен ли сте дека тоа може да донесе до една граѓанска, братоубиствена војна?*

Стефан В. Мицов: *Во време на Втората светска војна што беше? Немаше квислинзи, немаше предавници, и што правеа? Кога некој се бори против својата држава, против својот народ, тој за мене не е Македонец. Македонец не е тоа што е роден тука во Македонија, Македонец тоа кога има македонска самосвест, не само самосвест, туку е спремен за борба за својата држава. За својот национален интерес. Тоа е за мене Македонец. А не што е роден во Струмица или не знам кај или во центарот на Скопје.*

***

Согласно „Водичот за мониторинг на „говорот на омраза" на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, секое ограничување на слободата на изразување треба да биде резултат на мониторинг кој „треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај... цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку давајќи и објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[2]. Ова значи дека, за да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

<u>*Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?*</u>

За да се одговори на ова прашање, следува преглед на меѓународната и македонската регулаторна рамка која е релевантна за оценувањето дали во емисијата „Во центар - Сите тајни договори околу мандатот на Заев!?" на ТВ Канал 5 емитувана на 21 мај 2017 година околу 19 часот е прикажана содржина која е спротивна на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ.

Согласно член 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП):

---

[2] Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

Член 10

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината".

„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни за едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето и моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасност на судството"[3].

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ („Службен весник на Република Македонија бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) содржи посебни забрани, согласно кои:

Член 48

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права".

Согласно барањето од член 48 став 2 од ЗААВМУ дека примената на одредбите со „посебните забрани ... треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права", во конкретнава ситуација релевантни се случаите ***Јерсилд (Jersild) против Данска*** **(1994 година)[4] и Хендисајд (Handyside) против Велика Британија[5].**

Во првиот случај, новинар Јерсилд, направил документарен филм кој содржел извадоци од телевизиско интервју со три членови на групата млади лица кои себеси се нарекувале „Зелени јакни" („Greenjackets"), и кои изјавувале навредливи и понижувачки забелешки за имигрантите и етничките групи во Данска. Јерсилд казнет од данските судови за помагање и поттикнување при ширење расистички содржини и пред ЕСЧП тврдел дека со тоа било ограничено неговото право на слобода на изразување.

ЕСЧП направил разлика меѓу членовите на групата „Greenjackets", кои давале отворени расистички забелешки, и г-динот Јерсилд кој сакал да ја претстави, анализира и објасни оваа конкретна група млади лица и да ги разгледа посебните аспекти на прашањето кое веќе било предмет на голема јавна загриженост.

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
[4] Достапно на македонски јазик на: http://www.pravda.gov.mk/download.asp?id=703
[5] Достапно на македонски јазик на: http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-141062

Документарниот филм, како целина, немал цел да пропагира расистички мислења и идеи, туку да ја информира јавноста за едно општествено прашање. Следствено, Судот заклучил дека данскиот суд ја ограничил слободата на изразување на г-динот Јерсилд .

Во вториот случај, судот во Велика Британија го казнил Хендисајд – издавач на книгата насловена Малиот црвен учебник (Little Red SchoolBook). При преразгледувањето, ЕСЧП утврдил дека нејзиното издавање е во согласност со исклучокот од член 10 став 2, и оти член 10 не важи само за „информациите или идеите кои се примаат поволно или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој дел од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и широкото сфаќање и без нив нема демократско општество".[6]

*Дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во едно демократско општество?*

Согласно Препораката Бр. R(97) 20 на Комитетот на министри до земјите - членки во врска со „говорот на омраза"[7] „националното право и практика треба да прават јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изјавата со говор на омраза од една страна, и одговорноста на медиумите и медиумските професионалци за придонесот во нејзината дистрибуција, како дел од нивната функција да изнесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна".

Во емисијата која е предмет на надзор, водителот, а преку него и медиумот, се дистанцира од изјавите на гостинот со јасни укажувања за тежината на искажаните ставови на гостинот, ставени во контекст на моменталната политичка состојба во земјата, како и на можните последици од нив. Имено, на изјавите на Стефан В. Мицов (дадени погоре во транскриптот) во кои се оправдуваат и глорифицираат настаните при влегувањето на граѓаните и насилствата од 27 април 2017 во Собранието на Република Македонија водителот Васко Ефтов има соодветна реакција, со која ги контекстуализира изјавите на гостинот и го соочува со тежината на искажаните зборови преку следните искази:

- *„Ова се тешки зборови. Знаете, свесен сте кои харанги, кои напади ќе имате после вакви кажани зборови, дека тоа ќе биде 27 април како 11 октомври?";*
- *„Ова го кажувате пред 150.000 луѓе и ќе се најдат сигурно многу луѓе кои ќе речат: „Како не ти е срам?", „Оправдуваш тепање", „Оправдуваш насилие",*
- *„Пратеници во Парламентот за малку ќе загинеа";*
- *„Хушкате Македонец на Македонец. Тоа е всушност желбата на сите кои не ја сакаат Македонија. Со овие зборови, вие всушност хушкате Македонец на Македонец. Свесен ли сте дека тоа може да донесе до една граѓанска, братоубиствена војна?".*

Од претходниот дел од анализата се заклучува дека иако е пропишано со закон, согласно практиката на ЕСЧП и одредбите на други релевантни европски документи, ограничувањето на слободата на изразување и информирање, во овој случај нема легитимна цел и не е неопходно во едно демократско општество.

[6] Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.3, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf.
[7] Достапна на македонски јазик на: http://www.avmu.mk/images/SoE_Preporaka_-_Govor_na_omraza.pdf

**8. Опис на прекршувањето:**

/

**9. Предлог:**

/

***Сектор за програмски работи***